Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 324/0306
06.12 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ми ноември 2022 година, врз основа на примена жалба од Андријана Лазова, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „Денешен весник“, насловен „Апасиев: Според последните анкети СДСМ падна под 200 000 гласови и затоа се нервозни и преминаа кон радикални изјави“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16-ти ноември 2022 година, новинарката на Телевизија Канал 5, Андријана Лазова, поднесе жалба за текстот со наслов „Апасиев: Според последните анкети СДСМ падна под 200 000 гласови и затоа се нервозни и преминаа кон радикални изјави“, објавен на 15-ти ноември 2022 година на интернет – порталот „Денешен весник“ (www.denesen.mk).

Во жалбата се наведува дека објавениот текст е плагијат, односно се повредени авторски права. Според жалителката, содржината е преземена од Телевизија „Канал 5“, без да се наведе изворот.

Дополнително, жалителката нагласува дека како автор на оригиналната содржина, го контактирала интернет - порталот „Денешен весник“ преку порака, во која му предочила дека е потребно да изврши исправка на текстот и да наведе дека текстот е преземен од прилог на Канал 5 ТВ.

*„Сметам дека мора да се реагира на копирани текстови, кои потоа ги преземаат трети портали (како во случајов) кои на крај се повикуваат на Денешен.мк кои воопшто не се автори на текстот“*, посочува новинарката Андријана Лазова во поднесената жалба.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Денешен весник“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно оцени дека „Денешен весник“ го прекршил член 12, а со мнозинството гласови и член 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација“.*

***Член 12: „****Плагијатортвото е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

*При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Денешен весник“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28-ми ноември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата веднаш заклучи дека се работи за грубо кршење на професионалните и етички стандарди, во случајов, за комплетно преземање на текст од еден во друг медиум, без воопшто да се наведе изворот на оригиналната содржина.

Комисијата констатираше дека со исклучок на насловот, кој е изменет, порталот „Денешен весник“, целосно презел содржина на Телевизија „Канал 5“.[1] Станува збор за текст кој произлегува од телевизиски прилог на „Канал 5“ во кој се пренесени ставови и изјави на лидерот на партијата Левица, Димитар Апасиев.

Комисијата констатира дека се работи за нефер однос и очигледен обид вешто да се „присвои“ туѓа содржина и да се претстави како своја. Ова уште повеќе што станува збор за материјал за кој авторот очигледно потрошил труд, ресурси и време.

Оттука, членовите на Комисијата се согласија дека оспорениот текст не е ништо друго, освен уште еден производ на непопуларното „копи пејст“ новинарство, пракса што не е дозволена во новинарската професија.

Интернет-порталот „Денешен весник“, несомнено, морал да покаже професионална солидарност и да го валоризира трудот на авторот, на начин, што прво требало јасно да го наведе изворот, а потоа и да посочи линк до оригиналната верзија, односно до текстот на „Канал 5“.

Според горенаведеното, Комисијата утврди дека интернет - порталот „Денешен весник“ го прекршил **член 12** од Кодексот на новинарите, според кој, плагијаторството е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот. Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар.

---

[1] Апасиев за Канал 5: Двотретинско мнозинство за уставните измени е невозможно во овој состав - Канал 5 (kanal5.com.mk)

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Новинарите во онлајн медиумите нема да потпишуваат текстови, фотографии, илустрации, видео и звучни записи на други автори и медиуми како свои. Пред користењето вести или извадоци од текстови на други медиуми, тие ќе ги консултираат правилата за користење на медиумските содржини на медиумот кој ги продуцирал, доколку тој има усвоено и објавено такви правила. Секоја содржина преземена од друг извор треба да биде соодветно означена. Онлајн медиумите ќе настојуваат секогаш да го наведат изворот на информацијата со конкретно и прецизно упатување на тој извор.

Во продолжение, Комисијата ги зеде предвид и наводите на жалителката дека самата реагирала до „Денешен весник“ со барање да направи исправка и да наведе дека оспорениот текст е преземен од „Канал 5“, но оти медиумот не се коригирал. Иако Комисијата немаше конкретен доказ дека новинарката навистина се обратила до медиумот, сепак ги уважи нејзините наводи. Ова од причина што на „Денешен весник“, согласно Правилникот за работа на Советот за етика, му беше даден простор, но тој не одговори на наводите на жалителката.

Оттука, Комисијата оцени дека медиумот го прекршил и **член 3** од Кодексот на новинарите, кој налага дека новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595